Македонија

# МОМИ со интерактивна изложба - „Како снежна топка надолу по планината“

„Како снежна топка надолу по планината“ е насловена 12-та изложба на групата МОМИ, што од 22 декември, се одржува во галеријата на Факултетот за ликовни уметности во Скопје. Делото претставува инсталација составена од цртеж кој го опфаќа целиот простор и претставува подлога за надоградување со активатори на дигитални содржини, кои можат да се следат преку специфична апликација на таблет или мобилен телефон.

Печати Оставете коментар Размена:




Љупчо Јолевски
22.12.2015

Tweet

Најави се

По минатогодишните „Да се истрае во кругот“ во Културно-информативниот центар во Скопје и „Resist! What?“ во загребската галерија „Карас“, групата МОМИ еве ја со 12-та изложба од заедничкиот серијал. Овојпат уметниците Ана Ивановска, Зорица Зафировска, Кристина Хаџиева, Маја Кировска, Марија Сотировска, Татјана Ристовска и Христина Зафировска делото го насловија „Како снежна топка надолу по планината“ и од 22 декември тоа е поместено во галерискиот простор на Факултетот за ликовни уметности во Скопје.

Станува збор за инсталација составена од цртеж кој го опфаќа целиот простор и претставува подлога за надградување со активатори на дигитални содржини, кои можат да се следат преку специфична апликација на таблет или мобилен телефон.

> „Како снежна топка надолу по планината“ е лавина на идеи кои тркалајќи се и зголемувајќи ја масата и замавот, прибира делови од приказните создавајќи цела

Ана Франговска, кураторка на поставноката, вели дека најновиот проект на МОМИ всушност претставува својевидна визуелизација на позитивните и негативните страни од времето во кое што живееме. Од една страна на новите технолошко-технички изуми, вмрежувања, интернети...на кои што на еден начин сме

### Текстови на слична тема

Изложба на Маја Кировска во Музеј на град Скопје

МОМИ со изложба „Да се истрае во кругот“ во КИЦ

„WO-MAN“ или критика на експлоатацијата на жената во маркетингот

Чиста соба на Маја Кировска во Домот на културата Кочо Рацин

Условен круг – Интимната исповед на Марија Сотировска Богдановска

### Најнови вести


Протести во Молдавија
Повеќе


Пакистан ќе ги смирува страстите меѓу Саудиска Арабија и Иран
Повеќе


Бомбашки напад врз политичар во Авганистан
Повеќе


Романија завеана од снежно невреме
Повеќе


Отруени работници во фабрика во Турција
Повеќе

Најпосетени

1. Нема телевизор, слепа на едно око, а плаќа радиодифузна такса (5405)
2. Ранко Бубамара - Контра вицовите се неуспешна мисија (5254)
3. Резултатите од средбата со Бајден наскоро (4486)
4. Нема договор за избори на 24 април (3899)
5. Македонија оди кон должничко ропство (3201)

Најгледани

Најкоментирани

### Избор на уредникот


Македонија
„Кумановските графичари 2015“ на пат по Македонија
Од 15 до 25 јануари, во Изложбениот салон на Домот на културата...
Повеќе


Македонија
Ванхауте: Кредибилни избори наместо рокови

вселена.

*Ана Ивановска, МОМИ.*

навлечени, а од друга негубејќи го во ниту еден миг оној линк со ликовното, естетското, со визуелното.

„Тие на некој начин прават едно визуелно вмрежување на тој техничко-технолошки дискурс во кој што, пак, секоја единка, секој модул, всушност е информацијата која што самиот автор или поединец ја дава. Тие ја даваат базичната модулација, секоја од нив ќе даде една своја визуелизација, зачетна информација во таа датотека на податоци, а секој посетител, секој рецепиент на нивниот проект е поканет да биде дел од перформансот и да биде партиципиент во дообликувањето на делото со обликување на еден свој код преку кој што со технолошка алатка, или апликација, ќе се чита одредена содржина која што одново самиот рецепиент ќе треба да ја предложи независно дали тоа ќе биде фотографија, видео и т.н. “

Ана Ивановска од МОМИ истакнува дека во сложениот и меѓусебно поврзан свет, мапата на „вмрежување“ на ова колективно дело е претставена со сопствена “архитектура на линијата“ и со апстрактен визуелен јазик, и дека им дава утешно чувство за припадност истовремено поттикнувајќи го истражувачот во нив. Појаснува дека мрежата е исполнета со експлицитни и скриени значења врзани за места, вистински или измислени. Дека зборува за невидливите врски меѓу нас, за магичниот танц на енергијата во кој сме вклучени на нејасен за нас, мистериозен начин. Вели дека не само што сме вклучени, туку и учествувајќи во креирањето и менувањето на таа реалност која ја познаваме, во овој свет кој е море на веројатности, ние најдиректно влијаеме со своите мисли.

„Додавајќи повеќе информации се генерираат нови конекции, се проширува со нови поврзувања со повеќе димензии и импликации на просторот. Таа нуди визуелна метафора за повеќеслојност на меморијата, за врски мапирани меѓу минатото и сегашноста и постоење на поголемо чувство на континуитет. Мрежата ги поврзува луѓето преку кодирани системи за комуникација и размена. „Како снежна топка надолу по планината“ е лавина на идеи кои тркалајќи се и зголемувајќи ја масата и замавот, прибира делови од приказните создавајќи цела вселена“, ќе рече Ивановска.

Христина Хаџиевска, пак, потсетува дека „подвлекувајќи го моментот на самиот порив да се креира и создава-овде тие го ставаат нагласокот дека еден создава од просторот на својата поврзаност со Врвниот учител во себе си, и дека манифестацијата на таа поврзаност ќе зависи од вештината на поединецот да создава – всушност да си игра со елементите“.

„Создаденото во форма е минливо во својата природа со самото тоа е исто како и сè друго што може сетилно да се прими. А што е тоа што ја одвојува креативноста од сè друго? Посебноста во креативното творештво е во можноста да не потсети и поврзе со светот на Внатрешното битие. Сите сме поврзани а сепак секој е уникатен крој, токму преку таа уникатност нема повторување во ко-креирањето.“

Кон ова само уште информацијата дека групата МОМИ постои од мај 2012 кога дотогашните собеседнички на полето на уметноста Ивановска, Зафировска, Хаџиева, Кировска, Сотировска, Ристовска и Христина Зафировска одлучија постојната соработка во различни проекти реализирани во рамките на АРТ И.Н.С.Т.И.Т.У.Т да ја крунисаат со здружување во еден творечки колектив кој би имал сопствена патека во настапот пред домашната културна јавност. Од тогаш, во изминативе три плодни години МОМИ со успех се претстави во повеќе градови во земјава и во државите од регионот.

**Љупчо Јолевски**

На 24-ти април технички може да се одржат избори, но не може до...

Повеќе



**Интервју**

### Изаири - Загадувањето ќе се решава со гасификацијата

Гасификацијата значајно ќе придонесе за подобрување на амбиенталниот...

Повеќе



**Македонија**

### Неделниците за посетата на Груевски во САД

Фокус пишува дека имало сè повеќе заштитени сведоци за само еден...

Повеќе

## Радио програма

### Најнова емисија

Слободна Европа во 22

### Следна емисија:

**06:45 - 07:00 понеделник** Утринска програма

**15:00 - 15:15 понеделник** Емисија во 15 часот.

**19:00 - 19:15 понеделник** Вечерна емисија во 19 часот.




1 2 3 4

### Емисија во 15 часот.

15 min

### Ваше Радио

Распоред на емитување Подкаст